ФЛФ
Универзитет „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ во Скопје
Филолошки факултет „Блаже Конески“ - Скопје
Факултетско студентско собрание
Бр. 25-955/1
10.05.2021 год.
Скопје

Врз основа на чл. 31, став 3 од Законот **за** високото образование (Сл. весник на РМ 82/2018**)**, чл. 11, став **1**, точка **6**, а во врска со чл. 41 од Статутот на Факултетското студентско собрание на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" - Скопје, при Универзитетот „Св**.** Кирил и Методиј“ - Скопје, Факултетското студентско собрание распишува

**КОНКУРС**

за избор на заменик на студентскиот правобранител на Филолошкиот факултет

„Блаже Конески**“** – Скопје

Право на пријавување на Конкурсот имаат редовните студенти кои студираат на студиските програми на Факултетот.

Заменикот на студентскиот правобранител има мандат од две години без можност за реизбор. Изборот го врши Факултетското студентско собрание, со тајно гласање, а го реализира Изборна комисија.

Кон пријавата, кандидатот треба да достави и:

- мотивациско писмо;
- кратка биографија (CV);
- фотокопија од индекс;
- потврда за редовен студент

Заинтересираните кандидати доставуваат пријава до Архивата на Факултетот и на електронската пошта fssofphilology@gmail.com, во рок од 7 дена од денот на објавување на Конкурсот.

Ненавремените и некомплетни документи нема да се земат предвид за разгледување.

Резултатите за изборот на заменик студентскиот правобранител на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ - Скопје ќе бидат објавени на веб-страницата на Факултетот.

Претседател на
Факултетското студентско собрание на
Филолошкиот факултет „Блаже Конески“

Мила Коруновска

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје
Филолошки факултет „Блаже Конески“
Факултетско студентско собрание
ФЛФ